# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА МАВРОВО И РОСТУШЕ



| | | |
|---|---|---|
| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА МАВРОВО И РОСТУШЕ**<br>**Излегува по потреба**<br>**Рок на рекламации 15 дена** | **13.04.2018**<br>**Ростуше**<br>**Број 4**<br>**Год.XXIII** | **e-mail:**mavrovorostuse@yahoo.com**Тел:(042)478–814; 478–815** |



**Ростуше, 13 Април 2018 година**

**64.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34, став 1, точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше'' број 03/2015 (пречистен текст)/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Согласноста за днесување на Годишниот план за вработување за 2019 година на ЈПКД „Маврово“ Маврови Анови

СЕ ПРОГЛАСУВА, Согласноста за днесување на Годишниот план за вработување за 2019 година на ЈПКД „Маврово“ Маврови Анови, број 08-130/3 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на својата 8-ма редовна седница, одржана на ден 06.04.2018 година.

Бр.09-133/1 — Општина Маврово и Ростуше
11.04.2018 год. — Градоначалник
Р о с т у ш е — Медат Куртовски с.р.

Врз основа на член 20-б став 1 алинеја 3 од Законот за вработените во јавниот сектор /,,Службен Весник на РМ” број 27/2014, 199/2014, 27/2016 и 35/2018/, како и врз основа на Методологијата запланирање на вработувањето во јавниот сектор согласно начелото за соодветна и правична застапеност, како и формата, содржината и образецот на годишниот план за вработување и извештајот за реализација на годишниот план за вработување /,,Службен Весник на РМ” 63/2016/,

Советот на Општина Маврово и Ростуше на седницата одржана на ден 06.04.2018 година, ја дава следната

С О Г Л А С Н О С Т

Советот на Општина Маврово и Ростуше дава СОГЛАСНОСТ за донесување на Годишниот План за вработување за 2019 година во ЈПКД „Маврово“ од Маврови Анови, заведен со архивски број 0302-293 од 02.04.2018 година, по предлог на директорот на ЈПКД „Маврово“, а изготвен од страна на стручната служба на ЈПКД „Маврово“.

Годишниот план за вработување за 2019 година ќе се применува сметано од 01.01.2019 година до 31.12.2019 година.

Бр.08-130/3 — Совет на Општина Маврово и Ростуше
06.04.2018 год. — П р е т с е д а т е л ,
Р о с т у ш е — Алил Алили, с.р..

**65.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34, став 1, точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше'' број 03/2015 (пречистен текст)/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Заклучокот за усвојување на програмата за одбележување на денот на општина Маврово и Ростуше 4-ти Мај 2018 година

СЕ ПРОГЛАСУВА, Заклучокот за усвојување на програмата за одбележување на денот на општина Маврово и Ростуше 4-ти Мај 2018 година, број 08-130/4 што Советот на Општина

Маврово и Ростуше ја донесе на својата редовна 8-ма седница, одржана на ден 06.04.2018 година.

Бр.09-133/2 Општина Маврово и Ростуше
11.04.2018 год. Градоначалник
Р о с т у ш е Медат Куртовски с.р.

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа / Сл.Весник на РМ број 05/2002/, а во согласност со член 15, став 1, точка 5 и член 25, став 1, точка 39 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /пречистен текст Сл.Гласник бр.03/2015 година.

Советот на Општината на седницата одржана на ден 06.04.2018 година Расправајќи по годишната програма за одбележување на денот на општината за 2018 година, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

I. Советот на Општина Маврово и Ростуше ја усвои предлог програмата за одбележување на денот на Општина Маврово и Ростуше 4-ти Мај 2018 година.

II. Примерок од овој Заклучок да се достави до градоначалникот, одделението за општи работи, организациониот одбор, комисијата за одбележување на празници, манифестации и доделување на награди и признанија и архивата на општината.

III. Овој Заклучок влегува во сила со денот на неговото објавување во ,,Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше’’.

Бр.09-130/4 Совет на Општина Маврово и Ростуше
06.04.2018 год. П р е т с е д а т е л ,
Р о с т у ш е Алил Алили, с.р..

**66.**
Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ’’ број 05/2002/, а во согласност со член 34, став 1, точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше’’ број 03/2015 (пречистен текст)/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за распишување на избори за членови но советите на руралните месни заедници на територијата на Општина Маврово и Ростуше

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за распишување на избори за членови но советите на руралните месни заедници на територијата на Општина Маврово и Ростуше, број 08-130/5 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на својата редовна 8-ма седница, одржана на ден 06.04.2018 година.

Бр.08-133/3 Општина Маврово и Ростуше
11.04.2018 год. Градоначалник
Р о с т у ш е Медат Куртовски с.р.

Врз основ на член 82 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 84 и член 85 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше (Службен гласник на Општина Маврово и Ростуше бр. 03/2015 година пречистен текст), советот на Општина Маврово и Ростуше на ден 06.04.2018 ја донесе следната

О Д Л У К А

За распишување на избори за членови во советите на руралните месни заедници на територија на Општина Маврово и Ростуше

Член 1

Се распишуваат избори за членови во советите и избор на претседател на сите рурални месни заедници со седиште во Општина Маврово и Ростуше.

Изборите ќе бидат спроведат во периодот од 07.04.2018 до 15.05.2018 година согласно Статутот на општината и правилата за работа на месните заедници

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување а ќе биде објавена во службен гласник на општина Маврово и Ростуше.

Бр.08-130/5 Совет на Општина Маврово и Ростуше
06.04.2018 год. П р е т с е д а т е л ,
Р о с т у ш е Алил Алили, с.р..

**67.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34, став 1, точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше'' број 03/2015 (пречистен текст)/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлука за одобрување на финансика поддршка за одржување на спортски и забавен настан „Маврово опен 2018 година“

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за одобрување на финансика поддршка за одржување на спортски и забавен настан „Маврово опен 2018 година“, број 08-130/6 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на својата 8-ма редовна седница, одржана на ден 06.04.2018 година.

Бр.09-133/4 Општина Маврово и Ростуше
11.04.2018 год. Градоначалник
Р о с т у ш е Медат Куртовски с.р.

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа/ Сл.Весник на РМ број 05/2002/, а во согласност со член 25, став 1, точка 42 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /пречистен текст Сл.Гласник бр.03/2015 година,

Советот на Општината на седницата одржана на ден 06.04.2018 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**За одобрување на финансиска поддршка за одржување на спортски и забавен настан „Маврово опен 2018 година“.**

Член 1

Се одобрува финансиска помош во износ од 50.000,00 денари на Летачки клуб „КОНДОР“ од Гостивар за одржување на спортски натпревар и забавен настан „Маврово опен 2018 година“.

Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од буџетот на општината за 2018 година.

Член 2

Паричната помош се доделува врз основа на поднесено барање на лчетачкиот клуб „Кондор“ од Гостивар.

Средствата ќе бидат уплатени на т-с/ка 370081100184985 - Еуро стандар банка.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ‘’Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше’’.

Бр.08-107/6 Совет на Општина Маврово и Ростуше
15.03.2018 год. П р е т с е д а т е л ,
Р о с т у ш е Алил Алили, с.р..

**68.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ’’ број 05/2002/, а во согласност со член 34, став 1, точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше’’ број 03/2015 (пречистен текст)/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлуката за одобрување парична помош за лекување

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за одобрување парична помош за лекување на (Абдули Ризе од с.Ростуше), број 08-130/7 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на својата 8-ма редовна седница, одржана на ден 06.04.2018 година.

Бр.09-133/5 Општина Маврово и Ростуше
11.04.2018 год. Градоначалник
Р о с т у ш е Медат Куртовски с.р.

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа ( Сл. Весник на РМ број 05/2002) а во согласност со член 15, став 1, точка 7 и член 25, став 1 точка 42 од Статутот на Општината Маврово и Ростуше (пречистен текст Сл.Гласник бр.03/2015 година). Советот на Општината на седницата одржана на ден 06.04.2018 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А

За одобрување на парична помош за лекување

Член 1

Се одобрува парична помош во износ од 10.000,оо денари за лекување на Абдули Ризе од с. Ростуше од Општина Маврово и Ростуше. Средтвата ќе бидат исплатени од буџетот на општината за 2018 година а ќе бидат наменети за лекување и други медицински третмани.

Член 2

Паричната помош се доделува врз основа на поднесено писмено барање на ден 04.04.2018 година. Средствата ќе бидат исплатени од буџетот на општината за 2018 година на трансакциска сметка 20000хххххххххх – Стопанска банка и мат.бр. ххххххххххххххх.

Член 3

Оваа одлука ќе биде објавена во “Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше” а ќе блезе во сила со денот на нејзиното објавување

Бр.08-107/7 Совет на Општина Маврово и Ростуше
15.03.2018 год. П р е т с е д а т е л ,
Р о с т у ш е Алил Алили, с.р..

**69.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34, став 1, точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше'' број 03/2015 (пречистен текст), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлука за одобрување на спонзорство за научно ркреативна екскурзија на матуранти од СОУ „Маврово и Ростуше".

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлука за одобрување на спонзорство за научно ркреативна екскурзија на матуранти од СОУ „Маврово и Ростуше", број 08-130/8 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на својата 8-ма редовна седница, одржана на ден 06.04.2018 година.

Бр.09-133/6 | Општина Маврово и Ростуше
11.04.2018 год. | Градоначалник
Р о с т у ш е | Медат Куртовски с.р.

Врз основа на член 62, став1 од Законот за локална самоуправа ( Сл.Весник на РМ број 05/2002), а во согласност со член 25, став 1, точка 42 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше (пречистен текст Сл.Гласник бр. 03/2015 година). Советот на Општината на седницата одржана на ден 06.04.2018 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А

За одобрување на спонзорство за научно рекреативна екскурзија на матурантите од СОУ "Маврово Ростуше"

Член 1

Се одобрува финансиска помош во износ од 20.000,оо денари на матурантите од СОУ "Маврово Ростуше" за научно рекреативна екскурзија. Екскурзијата ќе се реализира во периодот од 08. до 11- Мај во Република Албанија. Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од буџетот на општината за 2018 год.

Член 2

Паричната помош се доделува врз основа на поднесено барање од матурантите од СОУ "Маврово Ростуше". Средствата ќе бидат уплатени на трансакциска сметка : 270-70xxxxxxxxxx ХАЛК БАНКА АД Скопје на име Анеса Адеми со ЕМБ: xxxxxxxxxxxxx.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општината Маврово и Ростуше".

Бр.08-130/08 | Совет на Општина Маврово и Ростуше
06.04.2018 год. | П р е т с е д а т е л ,
Р о с т у ш е | Алил Алили, с.р..

**70.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34, став 1, точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше'' број 03/2015 (пречистен текст), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлука за одобрување на еднократна социјална парична помош

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлука за одобрување на еднократна социјална парична помош , број 08-1130/9 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на својата 8-ма редовна седница, одржана на ден 06.04.2018 година.

Бр.09-133/6 Општина Маврово и Ростуше
11.04.2018 год. Градоначалник
Р о с т у ш е Медат Куртовски с.р.

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа ( Сл.Весник на РМ број 05/2002) а во согласност со член 15,став 1, точка 7 и член 25, став 1, точка 42 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше ( пречистен текст Сл. Гласник бр. О3/2015 година.) Советот на Општината на седницата одржана на ден 06.04.2018 година ја донесе следната:

i

О Д Л У К А
За одобрување еднократна социјална парична помош

Член 1
Се одобрува еднократна социјална парична помош во износ од 30.000,оо денари на Џарије Јусуфи од с. Врбјани од Општина Маврово и Ростуше како социјалнозагрозено семејство. Средствата ќе бидат исплатени од буџетот на општината за 2018 година а ќе бидат наменети за справување со ситулацијата во која се наоѓа.

Член 2
Паричната помош се доделува врз основа на поднесено писмено барање. Средствата ќе бидат исплатени од буџетот на општината за 2018 година на трансакциска сметка 3700xxxxxxxxxx Еуро-Стандард Банка и мат.број xxxxxxxxxxxx.

Член 3
Оваа одлука ќе биде објавена во “Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше” а ќе влезе во сила со денот на нејзиното објавување.

Бр.08-130/9 Совет на Општина Маврово и Ростуше
06.04.2018 год. П р е т с е д а т е л ,
Р о с т у ш е Алил Алили, с.р..

**71.**
Врз основа на член 132 став 1 и став 14 од Законот за основно образование /,,Сл.Весник на РМ” 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17/, а во согласност со член 50, став 1, точка 16 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ број 05/2002/, Гадоначалникот на Општина Маврово и Ростуше на ден 29.03.2018 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е
За избор на директор на Основно училиште
,,Денче Дејаноски’’ – Маврови Анови

1. Слаѓана Симуноска, дипломиран педагог, се именува за директор на Основно училиште ,,Денче Дејаноски” – Маврови Анови, со мандат од 4 /четири/ години сметано од денот на донесувањето на ова Решение.
2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше”.

О б р а з л о ж е н и е
Врз основа на член 132 став 1 и став 14 од Законот за основно образование /,,Сл.Весник на РМ” 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14,

116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17/ а по претходно спроведена постапка од страна на Училишниот одбор на Основното училиште ,,Денче Дејаноски'' – Маврови Анови, односно по објавен јавен оглас и достава на пропратна документација од страна на Училишниот одбор на Основното училиште ,,Денче Дејаноски" – Маврови Анови, со предлог на кандидат за директор на ОУ ,,Денче Дејаноски'' Маврови Анови, број 04-38 од 21.03.2018 година, Градоначалникот на Општината, во законскиот рок од 10 дена од добивањето на предлогот од страна на Училишниот одбор на ОУ ,,Денче Дејаноски" М.Анови да кандидатот Слаѓана Симуноска по објавениот оглас биде избрана за директор на Основно училиште ,,Денче Дејаноски'' – Маврови Анови, го прифати предлогот и се произнесе како во диспозитивот на ова Решение.

По истекот на функцијата директор, гореимованата Слаѓана Симуноска да се врати на постојаното работно место, соодветно на нејзината стручна подготовка, кое го имала пред назначување на оваа функција. На основа гореизнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

УПАСТВО ЗА ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да вложи жалба во рок од 15 дена од приемот на ова Решение до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен односи во втор степен, а преку првостепениот орган Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше.

Решението е доставено до:
- Слаѓана Симуноска
- Архивата на општината
- О.У. ,,Денче Дејаноски"
Маврови Анови

Општина Маврово и Ростуше
ГРАДОНАЧАЛНИК
Медат Куртовски с.р

Број 09-93/5
29.03.2018 год.

**72.**

Врз основа на член 18 став 1 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија (,,Сл. Весник на РМ" бр.98/12, 188/14 ), член 41 од Законот за вработените во јавниот сектор (,,Сл. Весник на РМ" бр.27/14,199/14, 27/16 и 35/18)и член 98 став 1 точка 2 и 3 од Законот за административни службеници /,,Сл.Весник на РМ" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше на ден 30.03.2018 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за престанок на работниот однос поради стекнување право на старосна пензија**

1. На административниот службеник Чеде Сиљаноски, вработен во општинската администрација на Општина Маврово и Ростуше на работно место Раководител на Одделение за инспекциски надзор – Виш инспектор, со шифра на работно место ИНС 01 01 Б04 001 му престанува работниот однос поради стекнување на право на старосна пензија со исполнување условот наполнети 64 години старост.
2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе почне да се применува од 30.03.2018 година.

***О б р а з л о ж е н и е***

Административниот службеник Чеде Сиљаноски, вработен на работно место Раководител на Одделение за инспекциски надзор – Виш инспектор во Одделението за инспекциски надзор во општинската администрација на Општина Маврово и Ростуше, на ден 14.03.2018 година поднесе писмено Барање заведено со архивски број 04-109/1 за

прекинување на продолжувањето на работниот однос, утврдено со Решение бр.04-212/5 од 02.10.2017 година, од причина што ги исполнува условите од Законот за пензиско и инвалидско осигурвање, за стекнување на право на старосна пензија со навршени 64 години старост на ден 13.10.2017 година. На именованиот по сила на закон и по негово барање за прекинување на прдолжувањето на работниот однос, му престанува работниот оснос поради стекнување на правото на старосна пензија, со наполнети 64 години старост, согласно одребите одредбите од Законот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, Законот за вработените во јавниот сектор и Закон за административни службеници.

Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше, врз основа на погоре изложеното и цитираните законски прописи, го прифати неговото барање и се признесе како во диспозитивот на ова Решение.

**Упатство за правно средство:** Против ова Решение незадоволната странка може да поднесе жалба преку Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше до второстепена Комисија приВладата на РМ зарешавање вовтор степен по жалби и приговори на вработени за прашања од областа на работните односи, во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на Решението.

Решението е доставено до:
- Административниот службеник
- Одделение за финансиски прашања
- Архива
- Агенција за вработување
- Персонално досие на АС

Општина Маврово и Ростуше
ГРАДОНАЧАЛНИК
Медат Куртовски с.р

Број 04-109/2
30.03.2018 год.

**73.**

Врз основа на член 113 став 2 од Законот за работни односи /,,Службен Весник на РМ" број 167/2015(пречистен текст)/, член 16 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Маврово и Ростушеза 2018 година, број 08-318/14 од 28.12.2017 година /,,Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше" број 12/2017/ и член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа /,,Службен Весник на РМ" број 05/2002/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше на ден 03.04.2018 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е
За исплата на отпремнина заради престанок на вработувањето
поради стекнување на право на старосна пензија

1. На административниот службеник ЧЕДЕ СИЛЈАНОСКИ, од Гостивар, со засниван работен однос на работно место Раководител на одделение за инспекцискинадзор, со шифра на работно место ИНС 01 01 Б04 001, поради здобивање на старосна пензија, на кој му престана работниот однос заклучно со 30.03.2018 година, да му се исплати **отпремнина** за престанок на вработувањето по сила на закон во висина од две просечни нето плати исплатени во Република Македонија за месецот во кој работникот заминал во пензија, односно во износ од **47.394,оо**денари, согласно член 16 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Маврово и Ростушеза 2018 година, број 08-318/14 од 28.12.2017 година /,,Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше" број 12/2017/.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше.

***О б р а з л о ж е н и е***

*Административниот службеник Чеде Силјаноски, вработенво Општина Маворово и Ростуше како Раководител на одделението за инспекциски надзор, со Решение за престанок на работен однос поради стекнување право на старосна пензија по сила на*

*закон, број 04-109/2 од 30.03.2018 година, со навршени 64 години живот (маж) и 15 години пензики стаж, со што се здобил со право на староснa пензија, согласно член 98 став 5 алинеја 6 од Законот за административни службеници и член 5 став 1 точка 1 и член 18 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување (пречистен текст).*

*Согласно член 19, став 7 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Маврово и Ростуше за 2017 година (пречистен текст), број 07-19/6 од 18.01.2017 година /,,Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше" број 1/2017/,е утврдено дека во случај на заминување на вработениот од општинската администрација и во локалните јавни установи во пензија му се исплатува двократен износ за отпремнина пресметан врз основа на просечната месечна нето плата по работник во* Република Македонија за месецот во кој работникот заминал во пензија.*Врз основа на законските одредби се донесе Решение како во диспозитивот.*

**Правна поука:** Согласно член 228 од ЗОУП на ова Решение, незадоволната странка има право на жалба во рок од 15 дена од приемот на ова Решение, преку овој орган до второстепена комисија при Владата на РМ за решавање на прашања од областа на работните односи.

Доставено до:
- административниот службеник
- архивата на општината
- Одд. за финансиски прашања

Општина Маврово и Ростуше
ГРАДОНАЧАЛНИК
Медат Куртовски с.р

Број 04-109/5
04.04.2018 год.

**74.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 16 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник" на РМ, бр.05/2002), како и врз основа на Одлука за доделување на еднократна парична помош на семејства со новороденче бр.08-86/15 од 28.02.2018 год. донесена од Советот на Општина Маврово и Ростуше, а во врска со член 6, став 1, алинеа 3 и став 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ",23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016 и 163/2017), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше на ден 27.03.2018 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

*За признавање на право на еднократен паричен надоместок за новороденче*

Со ова Решение на лицето Шабан Беќири, од с.Ростуше, Општина Маврово и Ростуше му се признава правото на паричен надоместок за неговото новородено дете - **Аммар Беќири**, родено на ден 07.03.2018 година, во Струга.

Согласно Одлуката на Советот на Општина Маврово и Ростуше, бр.08-86/15 од 28.02.2018 год. еднократниот износ на средства кои му се признаваат на горенаведеното лице е **5.000,оо денари**.

Средствата се обезбедени од Буџетот на Општина Маврово и Ростуше за 2018 година, а ќе се исплатат на сметка xxxxxxxxxxxxxxx депонент Халк Банка АД Скопје која се води на подносителот на барањето.

Персоналниот данок на доход се исплаќа од страна на општината.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 26.03.2018 година лицето Шабан Беќири од с.Ростуше, Општина Маврово и Ростуше, со ЕМБГ xxxxxxxxxxxxx, со писмено барање бр.УПП 09-16, се обрати до архивата на општината со цел остварување на право на еднократен паричен надоместок за новороденче кое право е регулирано со Законот за заштита на децата и Одлука на Совет на Општина Маврово и Ростуше, бр. бр.08-86/15 од 28.02.2018 година, според која на секое семејство со

новороденче во 2018 година ќе му биде доделена еднократна парична помош во висина од 5.000,оо денари.

Барателот во прилог на барањето ги достави следните документи/докази и тоа:

- Препис на извод од матичната книга на родени за детето Аммар Беќири (новороденчето), бр.10-3/2161 од 12.03.2018 година издаден од Управа за водење матични книги – Струга,
- Препис на извод од матичната книга на венчаните за родителите на детето, бр.1103/1-29 од 22.03.2018 година, издаден од Управа за водење матични книги - Ростуше
- Фотокопие од трансакциска сметка која се води на подносителот на барањето,
- Фотокопие од лична карта на мајката на детето, бр. xxxxxxx, издадена од МВР Гостивар со важност до 13.09.2022 година.
- Фотокопие од лична карта на таткото на детето, бр. xxxxxxx, издадена од МВР Гостивар со важност до 22.04.2025 год.
- Потпишана Изјава со која се потврдува вистинитоста на податоците внесени во барањето,
- Потпишана Изјава за согласност за обработка на лични податоци,
- Потпишана Изјава дека лицето подносител на барањето не живее и не работи во странство, како и тоа дека барателот е согласен внесените податоци да бидат проверени од страна на овластени лица во општината.

Врз основа на горенаведените докази се утврди дека подносителот на ова барање ги исполнува условите за остварување на ова право, кои услови се пропишани со Одлуката на Советот на Општина Маврово и Ростуше бр.08-86/15 од 28.02.2018 год. и се стекнува со право на исплата на еднократен паричен надоместок за новороденче во висина од 5.000,оо денари.

Решено во с.Ростуше на ден 27.03.2018 год. под УПП 09-16.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова Решение незадоволната страна има право на жалба до Комисија формирана од страна на Градоначалникот на општината во рок од 5 дена од денот на примето на Решението. Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

**Изработил/контролирал:**
Раководител на одд. за нормативно-правни
работи и јавни дејности
*Ајбеан Ајдини*

**ОПШТИНА МАВРОВО И РОСТУШЕ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**МЕДАТ КУРТОВСКИ с.р**

**Доставено до:**

- Архива на општината
- Подносителот на барањето
- Одделение за финансиски прашања на општината

**75.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 16 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник“ на РМ, бр.05/2002), како и врз основа на Одлука за доделување на еднократна парична помош на семејства со новороденче бр.08-86/15 од 28.02.2018 год. донесена од Советот на Општина Маврово и Ростуше, а во врска со член 6, став 1, алинеа 3 и став 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“,23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016 и 163/2017), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше на ден 30.03.2018 година го донесе следното

